Република Македонија
**Н О Т А Р**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**
ул.Јане Сандански бр.1лок.29
Битола 28.05.2014 во 12.00 часот
дваесет и осми мај две илјади и четиринаесетта година

**ОДУ бр.434/14**

# Н О Т А Р С К И  А К Т
# ЗАПИСНИК ЗА СЕДНИЦА НА XXXIV СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА
**- и з в о д -**

Јас Нотар Луиза Христова од Битола, именувана за подрачјето на Основниот суд Битола, со седиште во Битола на ул.Јане Сандански бр.1лок.29, потврдувам дека денес на дваесет и осми мај две илјади и четиринаесетта година во дванаесет часот, поради постапка за водење на записник на XXXIV редовна седницата на Собрание на акционери на СТОПАНСКА БАНКА АД Битола со седиште во Битола на ул.Добривоје Радосавлевиќ бр.21, со ЕМБС 502637, излегов надвор од нотарската канцаларија, во салата за конференции на Хотел Капри во Битола на ул.Довлеџик бб, врз основа на чл.383 став 3 од Законот за трговски друштва.-------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието на акционери го отвори Томислав Давков, кој кажа дека согласно Деловникот за работа на Собранието, Надзорниот одбор на Банката на својата16- та седница одржана на ден 24.04.2014 година, одлучи да се свика XXXIV - та седница на Собранието на Банката, го утврди дневниот ред и донесе Одлука истото да се одржи на ден 28.05.2014 година.Повикот за свикување на ова Собрание, со Предлог дневниот ред се објави на интернет страницата на Банката, во дневниот весник ДНЕВНИК на 26.04.2014 година, на интернет страната на Македонската берза, како и на интернет страната на Комисијата за хартии од вредност. ------------
Предлог одлуките од акционерите по точките од дневниот ред, заедно со мислењата од надзорниот одбор, како и податоци за предложените членови се објавени на интернет страницата на Банката веднаш по приемот. Истите се составен дел и на пишаниот материјал доставен пред почетокот на седницата.-------
Материјалите на сите акционери им беа достапни во просториите на Стопанска банка а.д. Битола, како и интернет страницата на Банката.--------------------------------
Ги поздравуві присутните претставници на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола и гости на Собранието на Банката. --------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 395, став 3, од Законот за трговски друштва, мандатот на претседавачот на собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание. На последната седница на Собранието на Стопанска Банка а.д. Битола за претседавач беше избран јас Томислав Давков, заради што го продолжі водењето на седницата до изборот на нов претседавач.----------------------------------------------